**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03 - 784
12. 2. **2015 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1078/1 од 11.02.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради не почитување на правилата за заштита на малолетната публика, од страна на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 12.02.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), на начин што на 2 и 3 февруари 2015 година, серијата "Flaka e maleve" („Планински оган"), е емитувана во несоодветен временски период од денонокието, погрешно означена како програма од Трета категорија.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1078/1 од 11.02.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на

одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за програмски и административен надзор, на 11 февруари 2015 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, емитуван на 1, 2 и 3 февруари 2015 година, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека во периодот на мониторингот, на програмскиот сервис на ТРД АЛСАТ - М ДОО Скопје, играната серија “Flaka e maleve” („Планински оган“) е емитувана во несоодветни временски периоди од денонoќието, погрешно категоризирана како програма од Трета категорија што не се препорачува за деца под 12 години.

Со мониторингот е констатирано дека сценариото на серијата вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на насилство и последици на насилство, убивање на деца, млади и стари луѓе, нечовечност, изживување врз луѓе, сцени кои можат да ги растревожат малолетните лица. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, серијата треба да се означи како програма од Четврта категорија, што не се препорачува за деца под 16 години и може да се емитува само во периодот од 22:00 од 05:00 часот.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1078/1 од 11.02.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1078/1 од 11.02.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД АЛСАТ - М ДОО Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1078/1 од 11.02.2015 година.

Доставено до:
- Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје;
- Управителот на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

11.02.2015

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

10 1078 1

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: редовен

2. Субјект на надзорот: телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје

3. Период опфатен со надзорот: 1, 2 и 3 февруари 2015 година

4. Датум на извршување на надзорот: 11 февруари 2015 година

5. Предмет на надзорот:

- Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- Правилник за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14)

6. Претходно изречена мерка: нема

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД АЛСАТ - М ДОО Скопје, емитуван во периодот од 1 до 3 февруари 2015 година, е констатирано прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Во периодот на мониторингот, на програмскиот сервис на ТРД АЛСАТ - М ДОО Скопје, играната серија "Flaka e maleve" („Планински оган") е емитувана во несоодветни временски периоди од деноноќието, погрешно категоризирана како програма од Трета категорија што не се препорачува за деца под 12 години (види табела).

Со мониторингот е констатирано дека сценариото на серијата вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на насилство и последици на

насилство, убивање на деца, млади и стари луѓе, нечовечност, изживување врз луѓе, сцени кои можат да ги растревожат малолетните лица. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, серијата треба да се означи како програма од Четврта категорија, што не се препорачува за деца под 16 години и може да се емитува само во периодот од 22:00 од 05:00 часот.

| Наслов на емисија | Датум на емитување | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај | |
| "Flaka e maleve" - серија | 2 февруари 2015, понеделник – премиера | 20:44:13 | 21:28:42 | Серијата е погрешно категоризирана како програма од трета категорија и се емитува во несоодветен временски период од денонокието. |
| "Flaka e maleve" - серија | 3 февруари 2015, вторник - премиера | 20:50:30 | 21:47:02 | |

*Забелешка: За да се одреди контекстот, односно – медиумските, формално-техничките и содржинските карактеристики - за општата категоризација на серијата, извршен е преглед на снимките во текот на целиот месец јануари 2015 година, а емитувањето во текот на трите дена од периодот на мониторингот – 1, 2 и 3 февруари е земено само како аналитички примерок врз кој се засноваат конкретните наоди од овој извештај.*

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, на телевизискиот програмски сервис на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје, на 2 и 3 февруари 2015 година, серијата "Flaka e maleve" („Планински оган"), е емитувана во несоодветен временски период од денонокието, погрешно означена како програма од Трета категорија.

9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*